Општина Кочани
Ул. Раде Кратовче бр. 1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 08-1645/1
01.11 2024 год.
КОЧАНИ

**Записник**

Од одржана

Јавна расправа за нацрт- Буџетот на Општина Кочани за 2025 година

**Јавната расправа се одржа на 15.10.2024 година во 19:00 часот во Мултикултурен центар- Кочани**

На трибината присуствуваа:
1. Секретарот на Општина Кочани- Драган Ананиев
2. Раководителот на одделение за правни и општи работи- Венцо Бојков
3. Записничар- Помлад соработник за протоколарни активности и меѓународна поддршка на Градоначалникот- Зана Наковска
4. Вработени во Општина Кочани
5. Членови на Совет на Општина Кочани
6. Претседатели на месни и урбани заедници
7. Претставнции на невладин сектор
8. Граѓани на Општина Кочани
9. Претставници од медиумите

Јавната расправа ја отвори Раководителот на одделение за правни и општи работи- Венцо Бојков кој што ги поздрави присустните и им посака успешна работа во јавната расправа, потоа ги информира од која област може да даваат предлози, сугестии и мислења и дека истите ќе бидат евидентирани и разгледани од стручните служби на Општина Кочани и доколку има мжност ќе влезат во Буџетот за 2025 година и ги информира за постапката на донесување на Буџетот. Потоа **Раководителот на одделение за правни и општи работи- Венцо Бојков** му даде збор на **Секретарот на Општина Кочани, Драган Ананиев.**

**Секретарот на Општина Кочани- Драган Ананиев** ги поздрави присутните и им се заблагодари на присуството во толкав број и учеството на јавната дебата за нацрт- буџетот за 2025 година. Ги охрабри присутните да дадат конкретни предлози за буџетот за 2025 година.

На јавната расправа беа дадени следние предлози од присутните лица.

1. **Јорце Арсов- жител на општина Кочани**
   - Изведување на пристапен пат на улица „Петровденска" до Градежна парцела 645/16 за која има изработено проект кој во наредниот период ќе се поднесе до општина Кочани за да се добие одобрение за градење. Но позади плацот нема пристапна улица која што е предвидена со урбанистичкиот план. Градежната парцела се наоѓа на улица „Стево Теодосиевски";
   - На крак од улица „9 -ти Мај" (слепа улица) потребно е поставување на улично осветлување.

2. **Благица С. Стоиемнова- Претседател на УЗ 5**
- Поплочување на крак 30 метра на ул. „Боро Ловџија" кај м.в. „Сува Чешма";

Општина Кочани
Ул. Раде Кратовче бр. 1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

- Порамнување и крпење" на дупка од претходно изведена водоводна интервенција на крак што ги поврзува улиците „Борис Трајковски" и „Раде Кратовче";

(Оваа интервенција можеби е подобро, да се изведе во текот на реконструкција на улица „Борис Трајковски" до крајот на оваа година);

- Пешачкиот мост што се наоѓа на потегот кај Џамијата да се пренамени во сообраќаен мост со оглед на тоа дека е зголемен сообраќајот во последните години по ул. „Гоце Делчев" и „Борис Трајковски" и има реална потреба за нивно поблиску сообраќајно поврзување;
- Јавната површина пред куќите лоцирани на ул. „Борис Трајковски" над ОУ„Раде Кратовче" спроти реката, која е со одлична ширина да се испланира и проектира паркинг простор кој што највеќе е потребен во четвртоци кога е пазарен ден на градот;
- Да се дислоцира Градскиот пазар на друга локација, а во меѓувреме додека не се дислоција да се преуреди и да се освежи неговиот лик;
- Додека трае реконструкцијата на улицата „Гоце Делчев", пред оградата на пазарот се предлага мало проширување и пошумување на десната тротоарска страна по течението на реката,покрај споменатата ограда;
- Да се прочисти местото под реката каде е лоциран пешачко трговскиот мост што ги поврзува улиците „Борис Трајковски" и „ Гоце Делчев";
- На ул. „Ударничка" бр.28 има потреба од реконструкција и поплочување на крак кој поврзува 30- тина куќи;
- Поплочување на потегот на улица „Коста Рацин" во должина од 100 метри кој води до излетничко место викано "Кај скала" воедно и негово скромно оплеменување со клупа,и зеленило;
- На реконструираната улица „Ударничка" каде е испуштено да се изведе заштитен парапет на самата ивица од истата, долж куќата на бр.14. На секое врнење дворот и домот на семејството Анчеви се соочува од полнење со дождовница;
- Допоставување на заштитна ограда на улица „Коста Рацин"долж куќите со бр. од 26-30.

3. **Јалчн Неџипов- претставник на институтот за истражување и анализа на политики „Ромалитико"**

**Во програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици:**

1. Реконструкција на улицата „Стив Наумов" која е во должина од 90 метри за истата улица граѓаните се спремни и финансиски да учествуваат, истата улица е бетонирана во 90 тите години , се наоѓа во центарот на градот, алтернативно решение Сверно огледали
2. Бетонирање на крак од улицата „Дуди Ханум", за истата улица општината има изготвено предмер и пресметка во 2024 година.
3. Бетонирање на крак од улицата „Стамен Манов" во должина од 60 метри, предлагаме да се изготви предмер и пресметка во почетокот на 2024 година.
4. Бетонирање на крак од улицата„ Партизанска" во должина од 50 метри, предлагаме да се реализира во 2025 година.
5. Пробивање на пат под фабриката за вода на повеќе од 20 семејства кои немаат пристап до нивните куќи и поминуваат по рид исто така се соочуваат и со проблем со канализација имаат пуштено цевки во ридот и сметот оди таму немаат канализација.
6. Потпорен ѕид во улица „Стамен Манов" крак 1 каде плацевите се земени со платени комуналии и немаат повеќе од 20 години пристап до нивните куќи. Ноќно време е ризик да се помине во тој дел бидејќи има провалија и населението и децата кои одат на училиште имаат потешкотии. Исто така за време на врнежи нивните домови се

Општина Кочани
Ул. Раде Кратовче бр. 1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

поплавуваат. Во време на врнежи уште повеќе се рони земјата и станува ризик за минување и лизгав кал.

**Во програмата за образование:**

1. Запознавање на сите ученици од трето до шесто одделение за Ромската култура и Ромската традиција во Основните училишта во Општина Кочани преку изготвување на презентации во основните училишта на учениците ќе ги запознаеме за културата и начинот на живеење на Ромската заедница со што уште на почетокот од животот ќе имаат позитивно мислење за Ромската заедница, презентациите ќе се одвиваат во сите основни училишта во секое основно училиште ќе имаме по 1 презентација односно вкупно 4 презентации

**Во програмата за култура:**

1. Организирање на „Рома труба фест Кочани" кој би се организирал во месец јуни-јули каде што би учествувале млади трубачи од цела Македонија и пошироко , промоција на млади таленти музичари, предлагаме да се земаат како пример општина Куманово и Пехчево.

Бидејќи во 2024 година беше донесен урбанистичкиот план за ГЧ 5 , ќе започне со изградба на типските куќи за лицата од старата касарна ќе се даде подршка за поставување соларни панели.

**4. Зоран Георгиев- жител на општина Кочани**

- Рехабилитација на крак од улица „Климент Охридски";
- Поставување на фекална канализација во Лесна индустрија.

**5. Јованка Ефтимова- ЈОУДГ „Павлина Велјанова"**

- Осветлување на дворните површини на сите 4 објекти на детската градинка „Павлина Велјанова";
- Оградување на дворовите на објектот „Ѕвездички" и „Бамби";
- Поставување на водоводна мрежа и фекална канализација на улица „Ѓемиции";
- Поставување на водоводна мрежа и фекална канализација на улица „Бел Камен".

**6. Мирјана Маркова- жител на Општина Кочани**

- Изградба на Дом за стари лица;
- Да се бетонира сокак на улица „Лазар Андонов".

**7. Владимир Ананијев- Претседател на УЗ 6**

- Реконструкција на улица „Христијан Карпош";
- Реконструкција на улица „Цар Самоил";
- Реконструкција на улица „Јане Сандански" на потегот до СРЦ „Бавчалук";
- Да се довршат започнатите градежни работи на улица „Александар Македонски" и да се реши кракот каде што е попуштен потпорниот ѕид за кој што е веќе поднесено барање во 2023 г.;
- Да се реконструира улица „Христијан Карпош" бидејќи е во лоша состојба со ударни дупки посебно на потегот од број 67 до број 95;

- Да се продолжи пешачката патека и да се уреди речното корито на Кочанска река до м.в. Гоцева шума, а пешачката патека од десната страна на течението на реката да се прошири и партерно уредена и осветлена за да биде безбедно место за рекреација.

**8. Надица Митева- жител на Општина Кочани**
- На улица „Љупчо Сантов" број 12 се наоѓа напуштена куќа која што е во сопственост на општината. Бидејќи станува збор за руинирана куќа, потребно е да се сруши истата и доколку може да се пренамени во паркинг простор или простор на кој ќе се засади зеленило.
- Да се изгради катна гаража во градот.

**9. Сашка Стојанова- Претседател на УЗ 1**
- Реконструкција на улица „Киро Кикенски" ( ставање на нов асфалтен слој);
- Асфалтирање на улица „Поп Арсов Блаже" во правец од поранешната касарна до крајот на улицата;
- Да се постави потпорен ѕид на улицата под патот кај куќите на улица „Киро Кикенски" бр.10;
- Да се постави канализациона мрежа во долот меѓу улица „Поп Арсов Блаже" и „Наум Наумовски Борче" во правец од каналот кон населба Трајаново трло;
- Асфалтирање на улицата во населба Трајаново трло- (дивите градби) и поставување на канализациона мрежа;
- Потпорен ѕид на улицата патот десно од мостот покрај каналот на улица „Поп Арсов Блаже" број 1.

**10. Ане Стаменков- МЗ с. Оризари**
- Асфалтирање на дел од улица „Кеј на Револуција" со спојот на улица „Ангел Донев" во село Оризари;
- Доврушување со пробивање на улицата „Кеј на револуција" на потегот од Старата воденица до Аневско маало;
- Асфалтирање на крак од улица „Генерал Апостоловски" с. Оризари;
- Поставување на фекална канализација во село Оризари на потегот кај металната и позади резервоарот-ниска зона;
- Доврушување и приклучок на канализација на потегот од гробиштата во „Устран дол" до мостот во Аневско маало и бетонирање на истата улица;
- Асфалтирање на влезот во с. Оризари (од кај фабриката за ориз);
- Проширување и асфалтирање на проширениот дел на влезот во Оризари од кај бензинската пумпа Филипов;
- Бетонирање или асфалтирање на улица „Искра" (Кочански дол):
- Расчистување и уредување на просторот спроти поштата во Оризари и поставување на реквизити за уредување на детско катче;
- Асфалтирање на дел од улица „Христијан Карпош";
- Асфалтирање на крак од улица „Марко Цепенков";
- Поставување на детски реквизити во дворот на детската градинка во с. Оризари;
- Асфалтирање на дел од улица „Ефтим Симеонов" и спојување со улица „Осоговска";
- Бетонирање на крак од улица „Осоговска";
- Бетонирање на дел од улицата „Стојан Момчилов" (од црквата во Оризари нагоре);
- Реконструкција и проширување на мостот кај Витоша;

- Асфалтирање на улица „Маршал Тито" (на потегот од старата самопослуга до мостот кај Витоша);
- Асфалтирање на улица „Царка Ѓергиева";
- Да се исчисти депонијата на патот кон село Пресека:
- Да се определи ден за собирање на кабаст отпад од страна на КЈП„Водовод";
- Бетонирање на крак од улица „Љупчо Сантов";
- Реконструкција на малиот пешачки мост кај Домот на културата во Оризари;
- Асфалтирање на улицата „Кирил и Методиј" (од Коларско маало до Витоша);
- Изградба на потпорен ѕид на улица „Осоговска" (Коларско маало);
- Уредување на забавен парк за деца на триаголникот кај мостот кај црквата;
- Поставување на лежечки полицајци на кејските улици и на улица „Асном" кај детското игралиште во Селиште;
- Бетонирање на сокаци во Витоша;
- Бетонирање на дел од улица „Герасим Спасов" на потегот од улица „Гоце Делчев" до гробиштата во Витоша;
- Пробивање и тампонирање на улица „524"- Оризари;
- Обновување на спортските реквизити на детското игралиште во Селиште (нови обрачи и мрежи за кошеви, мрежи за голови).

**11. Тихомир Милошев- Претседател на МЗ Прибачево**
- Реконструкција на улица „Сребран Димитров" во должина од 250 м;
- Рехабилитација на улица „Маршал Тито" на излез од село Прибачево кон село Грдовци;
- Поврзување на осум домаќинства кои што не се поврзани на канализациона мрежа.

**12. Трифко Крстов- МЗ с. Полаки**
- Асфалтирање на патот од маалото Скорово до училиштето во село Полаки;
- Изградба на мост кај м.в. „Гробишшта" што ги поврзува Борово Брдо, Лопен и дел од Рамно Брдо;
- Прочистување на сите патишта со сите маала со машина најамалку три пати во годината.

**13. Јовица Ристов- МЗ с.Нивичани**
- Рехабилитација на крак од улица во село Нивичани (на сред село);
- Рехабилитација на дел од патот Нивичани- Пантелеј;
- Реконструкција на патот од село Бели кон село Рајчани;
- Да се стави во функција Етно куќата во Кочани;
- Да се реши проблемот со уличното осветлување од влезот на селото Нивичани до училиштето;

**14. Панче Велков- Претседател на МЗ с. Ново Село**
- Да се асфалтира патот кон Ново Село со цел да се овозможи лесен пристап на лицата што таму престојуваат;
- На улица „Мишо Арсов" во населба Усова Чешма при врнежи од дожд се слева вода до куќите.

**15. Ванчо Мишовски- жител на Општина Кочани**
- Осветлување на улица „Мородвиска Епископија" и на потегот од земјоделската аптека „Таурус" до фонтаната;

- Да се обврзат граѓаните да го одржуваат редовно зеленилото пред сопствените куќи;
- Реконструкција на постоечките детски паркови и игралишта и редовно одржување на зеленилото на истите.

**16. Александра Зафирова- жител на Општина Кочани**
- Да се постави канализациона и водоводна мрежа на улица „Смилевски Конгрес“ која што се наоѓа до новата детска градинка во населба Драчевик;
- Асфалтирање на улица „Смилевски Конгрес“, да излегува на улица „Ѓорче Петров“ или „Бел Камен“.

**17. Лазо Андов- Претседател на МЗ с. Грдовци**
- Поставување на атмосферска канализација во должина од околу 200 м. на потегот од сред село (куќите на Сане и Љупчо Шуманов) до излезна вада;
- Реконструкција на постоечки полски пат до м.в. „Мерата“ во должина од 500 м. Порамнување со грејдер, тампонирање и валирање;
- Бетонирање на крак од улица „Плачковица“ во должина од 53 м и ширина 3м. лево и десно со банкини;
- Да се постави нова автобуска постројка на сред село.

**18. Мирче Каров- Претседател на МЗ с.Полаки**
- Прочистување на патот кон село Крушка.

**19. Лилјана Паунова- жител на општина Кочани**
- Да се реши проблемот со кучиња скитници посебно во близина на детските градинки;
- Да се санираат дупките на паркингот во близина на детската градинка во Тикишински лозја;
- Рехабилитација на улица „Ристо Симеонов“ во Сиви Дом.

**20. Драгољуб Никовски- жител на Општина Кочани**
- Рехабилитација на улица „Глигор Апостолов Гочо“;
- На улица „Лазар Андонов“ реката предизвикува поплава на неколку куќи поради плитката канализациона мрежа. Потребно е санација на истата.

**21. Злате Илијев- Претставник на ДПД- Кочани**
- Програмата за работа на ДПД да влезе во Буџетот на Општина Кочани за 2025 година и исплатата на финансиските средства на друштвото да се вршат на секое тромесечје;
- Да се види до каде е постапката за вработување на две нови лица во ТППЕ- Кочани, бидејќи наредната година 2 лица заминуваат во пензија;
- На паркингот до детската градинка во Тикишински лозја се паркираат тешки товарни и патнички возила да се превземе нешто по тоа прашање.

**22. Љубе Богатинов- Претседател на МЗ с. Јастребник**
- Продолжување на асфалтен пат од м.в. Градиште до училиштето во село Јастребник м.в. Барлица во должина од 2 километри;
- Санирање на водоводна мрежа во селото;
- Прочистување на краците во селото кои што се поврзуваат со главниот пат;

Општина Кочани
Ул. Раде Кратовче бр. 1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

- Проширување и прочистување на патот од манастир Св. Илија до манастир Пресвета Богородица во должина од 2 километри со цел да се овозможи непречено движење на моторни и теретни возила;
- Поставување на јавни тоалети кај училиштето во селото бидејќи важи за излетничко место на коешто има многу посетители во текот на годината;

**23. Гоце Ефтимов- Претседател на МЗ с. Долни Подлог**
- Проширување на улица „Маршал Тито“ од постојните 3м. на 4м.која што поминува низ центарот на селото (од влезот до фудбалското игралиште);
- Изградба на тротоар помеѓу с. Долни Подлог и Горно Подлог ( на местото каде веќе се поврзани со улично осветлување);
- Бетонирање на неколку сокаци;

**Заедничко барање од МЗ с. Долни Подлог, Горни Подлог и Мојанци**
- Решавање на делницата од пругата од влезот на Горни Подлог;
- Проширување на влезот кај пругата;
- Проширување на постојниот асфалт за уште 3 метри;
- Проширување на мостот.

**24. Дарко Ефремов- МЗ с. Горни Подлог**
- Реконструкција на тоалетите во училиштето;
- Да се исфрли остатокот од земја што се наоѓа пред училиштето;
- На патот кон село Горни Подлог има дива депонија што треба да се исчисти;
- Да се загради и осветли постоечкото спортско игралише;
- Изградба на спортска сала;
- Да се поставе улично осветлување на неколку места во селото;
- Асфалтирање на улица во село Горни Подлог.

**25. Дени Атанасов – Претседател на МЗ с. Мојанци**
- На улица „Маршал Тито“ во с. Мојанци да се постават улични светилки на 10 сијалични места;
- Проблем со атмосферските води на улица „Маршал Тито“. При врнежи од дожд се поплавуваат неколку куќи. Потребно е поставување на одводни решетки и прекоп до нивите;
- Да се коси редовно паркот во селото (10-тина годишно);
- Од тротоарот до каналетката има простор кој што обраснува со трева, но нема пристап да се искоси, веќе е ставено земја, потребно е само да се поплочи празниот простор;
- Да се направи повеќенаменско игралиште во училишниот двор во селото Мојанци.

**26. Ефтимиј Атанасовски- жител на општина Кочани**
- Да се постави водоводна и канализациона мрежа на крак од улица „Петровденска“. Станува збор за долгогодишен проблем.

**27. Љубен Тасев- Претседател на МЗ Рајчани**
- Изработка на проект и асфалтирање на патот Пантелеј- Рајчани- Турско рударе. Со изработка на овој пат ќе се овозможи полесен пристап до селото и истото е и од регионален карактер.

Општина Кочани
Ул. Раде Кратовче бр. 1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

**28. Љупчо Бомбаширски- Претседател на УЗ 8**
- Изградба на Јужен Булевар;
- Изградба на мост кој што ќе ги поврзува улиците „Вера Которка" и „Лазар Андонов";
- Реконструкција на улица „Милан Зечар" односно стариот влез на Општа Болница со поставување на нови тротоари;
- Решавање на проблемот со атмосферската вода од улица „Брегалничка" и „8-ми Март";
- Рехабилитација на крак од улица 4-та Македонска Бригада.

**29. Венцо Бојков- УЗ 9**
- Да се реконструира улица „1-ви Мај" до повеќенаменското игралиштето во „Сиви Дом".

**30. Христофор Манов- жител на општина Кочани**
- Реконструкција на Градскиот плоштад;
- Реконструкција на Градскиот отворен пазар;
- Продолжување на пешачката патека на потегот од Градскиот плоштад покрај кејотдо ОУ„Раде Кратовче".

**Дополнителни предлози поднесени во писмена форма до Општина Кочани**

❖ **Влатко Златков- Претседател на МЗ с. Небојани**
- Мост на Мишинска река во с. Небојани;
- Чистење и проширување на патот од м. в. „Ајдар" до манастир „Мала Богородица";
- Поставување на бетонски цевки во долот кој што се наоѓа до мостот

❖ **Викторија Сребренова- Претседател на УЗ 3**
- Поставување на нови клупи во паркот кај „Колор";
- Реконструкција на паркот кај „Колор";
- Асфалтирање на улица „Љупчо Сантов"

❖ **Зоран Ефтимовски- Претседател на УЗ 7**
- Изведените работи побрзо да се завршуваат, а на некои места има дупли и неквалитетно крпење што може да предизвика оштетување на возилата;
- Објектот на поранешен Хотел „Турист" е небезбедно место бидејќи се распаѓа, а воедно е забележано дека влегуваат бездомници внатре и деца;
- Зачестено е недолично возење на возачите во овој дел, потребно е да се воспостави ред и да се постават лежечки полицајци;
- Пазарџиите да го собираат отпадот што им останува од тезгите во текот на четврток кога е пазарен ден;
- Да се реконструира Градскиот пазар.

❖ **Димче Цебов- Претседател на МЗ с. Бели**
- Реконструкција на канализационата мрежа и нејзино спроведување надвор од населеното место со цел превенција на ширење зараза и зачувување на животната средина;
- Активно третирање на депонијата со цел да се спречи нејзино палење;
- Поврзување на тротоарот на влезот на селото и негово одржување;
- Уредување на просторот околу училиштето во село Бели;
- Довршување на градежните активности за оградување на селските гробишта;

- Санирање на оштетувањата на улиците во селото од страна на КЈП„Водовод";
- Решавање на проблемот на постојано паркираните возила на улица „Страшо Ербапче"- Кочани;
- Асфалтирање на дел од улица „Стефан Коцев"- село Бели.

❖ **Благој Илијев- Претседател на МЗ с. Горно Градче**
- Потребно е нивелирање и тампонирање на патот од т.н. градска кривина до м.в. „Мирновец"- Горно Градче (во должина од 2 километри).

❖ **Латинка Постолова- Претседател на МЗ с. Ткање**
- Реконструкција на водоводна мрежа бидејќи е застарена;
- Довршување на канализациона мрежа;
- Реконструкција и поправки на веќе асфалтираните улици и реконструкција на потпорниот ѕид помеѓу улица „Гоце Делчев" у улица „Борис Ефтимов" во дожина од 45 м.;
- Асфалтирање на улица „Борис Ефтимов" должина околу 330 м и ширина од 3 м со потпорен ѕид од околу 100 м должина и 1,2 м висина;
- Доврѓување на улицата „Маршал Тито" која води кон манастирот „Св. Петка";
- Асфалтирање на улица „Ѓорѓи Алексов";
- Асфалтирање на улица „Мите Јорданов";
- Реконструкција на улица „Мите Стојчев" КП 6727/1 и КП 3501/2 која излегува кај Амфенол исто така негово поврзување покрај Амфенол со постоечкиот пат кој води кон м.в. „Чешма" односно КЈ 3474/1;
- Со изградбата на експресниот пат, дел од земјоделско обработливо земјиште е без пристап, се бара да се направи експропријација и да се проектира пат паралелно со експресниот пат односно од негова лева страна во правец од село Бање кон село Тркање во должина од границата помеѓу КО Бање и КО Тркање каде се наоѓа испуст за дождовни води под експресниот пат кој би се прилагодил и за премин за земјдоделски машини и ќе води до КП 6720;
- Чистење, порамнување и тампонирање на постоечките полски патишта, приоритени се:
  - Јавен пат КП 2030 м.в. „Кантонот" со површина од 1367 м, вадено од Имотен лист бр.323 за КО Тркање, да се поврзе со мост преку реката кон село Долни Подлог;
  - КП 3500/3 со површина 2061 м.в. „Горно Подлошко";
  
    Со тоа би се олеснил пристапот до нивите, а изградбата на мостот е во интерес на три села Тркање, Долни Подлог и Горни Подлог.
- Изградба на спортска сала во училишниот двор;
- Рехабилитација на пазарски пат с. Тркање на потегот кај Амфенол.

❖ **Иван Горгиев- Претседател на УЗ 1**
- Да се обезбедат потребни материјали за обновување и опремување на чешмата во Усова чешма која е симбол на населбата;
- Реконструкција на потпорен ѕид на детската градинка „Павлина Велјанова" во Усова чешма;
- Поставување на тротоар пред поранешна фирма Бетон на влезот на населбата околу 15 метра;
- Продолжување на линијата на движење на Градскиот превоз во населбата;
- Поврзување на улица „Енгелсова" со село Оризари – асфалтирање на Пазарски пат.

Општина Кочани
Ул. Раде Кратовче бр. 1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

- **Група на жители на улица „Тодосија Паунов“**
- Реконструкција на улица „Тодосија Паунов“ од бр.45 до број 55
- Реконструкција на улица „Тодосија Паунов“ КП бр. 14275/1 и поставување на водовна и канализациона мрежа на истата улица.

- **Иле Матеничарски- жител на Општина Кочани**
- Да се асфалтира или бетонира слеп крак од улица „11 Октомври“ каде живеат две фамилии. Кракот е во должина од околу 15- тина метри и ширина од 2 до 3 метри шо излегува на почетокот на улицата „1-ви Мај“ над детскиот парк.

- **Ката Стоилова- жител на Општина Кочани**
- Пробивање на улица „524“ во КО Оризари каде што лицето има изградено куќа со целокупна документација.

- **Ванчо Митев- жител на село Оризари**
- Да се уреди просторот пред Поштата во село Оризари. Има остаатоци од некогашни бараки/продавници и шут. Потребно е да се исчисти и порамни местото и да доколку постои можност да се засадат дрвја и да се направи детско катче;
- Асфалтирање на крак од улица „Искра“ м.в. „Кочански дол“ кадешто живеат 20-тина семејства.

**Дополнителни добиени барања од граѓаните:**

- Изградба на потпорен ѕид на улица „Пиринска“ број 1;
- Бетонирање на уличка од 30 метри. Може и бекатон плочки, ќе учествуват и тамошните жители со работна рака - улица „Боро Ловџија“ бр.56;
- Да се асфалтира улицата „Поп Арсов Блаже“, околу 50 куќи (600 метри)
- Улица „Шукри Шајн“ – „Ударничка“ пристапно патче 10 м2 степеници
- Поправка на пат и потпорен ѕид на улица „Шукри Шаин“ бр.28
- Изградба на потпорен ѕид на улица „Ударничка“ бр.5
- Изградба на потпорен ѕид на ул. „Крум Вранински“ бб.;
- Пробивање на пат на улица „Вера Циривири“ во Усова чешма

**Јавната расправа заврши во 21:00 часот**

Изработил:
Зана Наковска